Македонско здружение на млади правници
МЗМП - Скопје
Бр. I 0306 - 763/1
28.09 2018
СКОПЈЕ

Македонско здружение на млади правници

**ДО:** Министерство за труд и социјална политика

**ОД:** Македонско здружение на млади правници (МЗМП)

**ДАТУМ:** 28.09.2018 година

# КОМЕНТАР

# НА ПРЕДЛОГ ЗАКОН ЗА ПРАКТИКАНТСТВО ОД СЕПТЕМВРИ 2018 ГОДИНА

Почитувани,

МЗМП смета дека предлог законот содржи решенија кои можат да се применат само во јавниот и стопанскиот сектор. Начинот и условите за остварување на практикантството вметнати во предлог Законот не одговараат на практикантската работа која би се извршувала во рамки на државни институции, единици на локална самоуправа, подржуница на странско друштво, дипломатско и конзуларно преставништво (алинеја 4 од член 2 од предлог Законот за практикантство), ниту пак одговараат и се соодветни за практикантска работа која би се извршувала во рамки на граѓански сектор.

Практикантската работа и нејзиното уредување е од голема важност за млади лица без искуство, а со желба за професионална едукација и обука. Од една страна, важно е да се заштитат нивните права и да се спречи злоупотреба на нивниот труд без притоа да им се обезбедат минимални права од работен однос. Од друга страна, од есенцијално значење е да се воспостави систем кој ќе генерира податоци за квалификациите на млади луѓе кои се во потрага по работа/работно искуство, а ќе им помогне на работодавачите полесно и побрзо да добијат информации за расположливите работни капацитети.

### А. Како граѓанска организација, ние овде особено би се задржале на проблемите со кои би се соочил граѓанскиот сектор доколку стапат на сила овие одредби.

Прво, граѓанскиот сектор е главно непрофитен и не би можел во целост да го исплати практикантот онака како што е замислено со предлог Законот, а дополнителна пречка е бројот на ангажирани практиканти кој зависи од бројот на вработени на неопределено време кај работодавачот (утврдено со членот 7 од предлог Законот). Согласно вака понудено решение над 95 проценти од граѓанскиот сектор воопшто не би можел да ангажира практиканти во рамки на својата работа. На пример, Македонското здружение на млади правници спроведува практикантска програма која досега ја поминаа повеќе од 400 правници со завршени најмалку 180 кредити обавувајќи пракса во различни институции и кај адвокати каде здружението има воспоставена соработка. Практикантите беа соодветно платени за практикантството и добија можност за посетување на сеопфатна квалитетна практикантска

програма која покрај обавување на пракса подразбираше и посетување на стручни обуки од областа на заштита на човековите права.

Во прилог даваме приказ на негативните влијаниа на овој закон на практикантската работа во граѓанскиот сектор:

1) Најголемиот дел од организациите во граѓанскиот сектор функционираат на ангажмани од проектни активности. Односно, работниот однос се склучува на определен временски период додека трае проектот. Организациите најчесто немаат вработени на неопределено време, бидејќи организциите како непрофитни организации, немаат други приходи освен оние кои ги добиваат од донаторите заради реализација на конкретните проекти. **Оттука, со овој закон се десеткува, ако не се и искоренува, можноста за практикантска работа во граѓанските организации.**

Колку е ова штетно за младите, би го прикажале и од личен пример. Македонското здружение на млади правници **има спроведено 14 циклуси на практикантска програма, низ која до сега имаат поминато повеќе од 400 правници** со завршени најмалку 180 кредити. Овие лица обавуваа пракса во различни институции и кај адвокати со кои здружението има воспоставена соработка. Практикантите беа соодветно платени за практикантството и добија можност за посетување на сеопфатна квалитетна практикантска програма која покрај пракса подразбираше и посета на стручни обуки од областа на заштита на човекови права.

Со сегашното предложено решение, ниту Здружението ќе може да ја организира, спроведе и плати праксата, ниту пак институциите и адвокатите ќе можат да примат кадар за практикантска работа. На овој начин, директно негативно се влијае на можноста за соодветно правно обучување и остручување на голем дел од младите правници.

2) Утврдувањето на минимален износ за паричен надомест за практикант исто така претставува проблем за граѓанските организации кои се финансираат од донатори, а врз основа на одобрен проект, во кој точно се утврдени ставките за кои е наменет секој дел од буџетот. Оттука, огромни се шансите организацијата да нема апсолутно никаков буџет за финансирање на практикантската работа. А од друга страна, практикантот кој би дошол во организацијата би можел да се стекне со многу практично искуство кое би му помогнало за усовршување и стекнување на вештини, односно професионално извршување на својата професија во иднина.

**Б. Законот не прави разлика помеѓу различните видови професии и различните видови на стручно оспособување.**

Како примарен проблем во оваа насока ја детектираме одредбата од член 3 став 3 од Законот, според кој практикантот треба да има „минимално стручно оспособување во времетраење од две години". Законот нема точна дефиниција за тоа што претставува стручно оспособување,

па оттука, овој услов е целосно нејасен: дали се мисли на оспособување теоретско како дел од средно стручно училиште или високообразовна институција или се мисли на практична примена на знаењето со две години работно искуство? Доколку станува збор за средно училиште, дали ќе сметаме дека учениците од гимназија, кои не добиваат стручна наобразба, имаат право да вршат практикантска работа?

**В. Законот е ограничувачки во однос на стекнување стручна подготовка за одредени професии**

Извршувањето на практикантската работа мора да се разграничи за различните професии кои се специфични и не би можеле да се стават во иста рамка со сите останати професии. Правничката професија секако би ја издвоиле во оваа смисла бидејќи стекнувањето на практични вештини се врши на поинаков начин од друг вид на професии со извршување на пракса во различен вид на институции/работодавачи, од судови до адвокати, нотари, извршители итн, заради стекнување на право на полагање на некој од стручните испити по завршување на високото образование. На пример за полагање на правосуден испит потребно е поседување на практично искуство во траење од една година што значи посетување на пракса во суд, кај адвокат или пак искуство како правник во фирма, здружение на граѓани и слично.

Со предлог Законот за практикантство оваа можност е отфрлена бидејќи практикантската работа е ограничена на период од само 6 месеци кај еден работодавач, што согласно наведениот пример е ограничувачки за практикантот.

**Г. Законот ја исклучува можноста за странци да вршат практикантство во Република Македонија**

Имајќи го предвид фактот дека македонските универзитети се дел од кредит трансфер системот и се отворени за прием на студенти од други земји, нејасно е од кои причини Законот **ги исклучува студентите кои би сакале за време на студии да вршат пракса во некоја институција, канцеларија или граѓанска организација.** Исто така, меѓународните студентски организации кои имаат канцеларии и во Македонија (ELSA, AEGEE, AIESEC, IAESTE), постојано организираат пракси и повикуваат студенти од сродни области на практична работа во одредени компании во Македонија. Исто така, не смееме да ги заборавиме и разните програми за размена на млади професионалци, еразмус програмите и ред други практикантски можности.

Треба да се земе предвид праксата во другите земји, да се погледнат програмите кои се спроведуваат преку проекти како Еразмус, Европски волонтерски центар итн., и притоа покрај за државјаните да се спроведе постапка за обезбедување на практикантска работа и на странци.

**Д. Дефиницијата за забрана за дискриминација не е во согласност со дефиницијата дадена во Законот за спречување и заштита од дискриминација.**

Македонско здружение на млади правници

Согласно член 3 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:

*Се забранува секоја директна или индиректна дискриминација, повикување и поттикнување на дискриминација и помагање во дискриминаторско постапување врз основа на пол, раса, боја на кожа, род, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, јазик, државјанство, социјално потекло, религија или верско уверување, други видови уверувања, образование, политичка припадност, личен или општествен статус, ментална и телесна попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба или која било друга основа која е предвидена со закон или со ратификуван меѓународен договор (во натамошниот текст: дискриминаторска основа).*

Дефиницијата дадена во предлог законот не ги содржи сите основи и од тие причини бараме тоа да биде исправено заради усогласување на важечката легислатива.

Дополнително, основите за дискрминација ќе бидат проширени согласно предлог Закон за спречување и заштита од дискриминација.

https://ener.gov.mk/default.aspx?item=pub_regulation&subitem=view_reg_detail&itemid=BcRtIYGdPJnoq/uSJRJMlg==

**Ѓ. Нејасна е улогата на Агенцијата за вработување во рамки на следењето на практикантството**

Од законот не произлегува целта поради која Агенцијата за вработување ќе прима информации за практикантството, вклучувајќи договор за отпочнување на практикантство, евалуации и известување за престанок на практикантството.

Сметаме дека би било одлично доколку со Законот се уреди обврска за воспоставување на единствен регистар на практикантска работа, сличен на регистарот на вработени лица, кој потоа би се користел за издавање на потврда за секое лице во однос на тоа каде и колку време било практикант. Меѓутоа, во моментот, Законот не дава апсолутно никаква обврска на Агенцијата за вработување за било каков регистар, ниту пак дава било какво образложение за причините поради кои секое практикантство треба да биде надгледувано од страна на оваа агенција.

ул. „Донбас“ бр. 14 1-6, 1000 Скопје, Македонија
телефон: +3892 3220 870; website: www.myla.org.mk; e-mail: contact@myla.org.mk

Македонско здружение на млади правници

Се надеваме дека ќе го разгледате овој документ и ќе ги земете во предвид нашите коментари и забелешки за подобрување на текстот и решенијата кои се вклучени во Предлог законот. Дополнително, Ви стоиме на располагање за сите активности кои се насочени кон креирање на ефикасен Закон за практиканство кој што ќе биде применлив во сите сфери и со кој ќе се подобри положбата на младите лица.

Лица за контакт од МЗМП:

Светлана Црвенковска, 023220870 и е-пошта skjoseva@myla.org.mk

Маја Атанасова, 023220870 и е-пошта matanasova@myla.org.mk

Со почит,

Зоран Дранговски, Претседател

Македонско здружение на млади правници